‘359° – Мрежа за локални и субалтерни херменевтики’

[project_002]

# Прашања за македонскиот модернизам

[симпозиум]

Музеј на современата уметност Скопје

четврток-петок, 20-21. јануари 2000. 10 часот

# 'ПРАШАЊА ЗА МАКЕДОНСКИОТ МОДЕРНИЗАМ'

*Симпозиумот **'Прашања за македонскиот модернизам'** има за цел уште еднаш да ги истражи главните и водечки тези за природата и карактерот на дефинирањето на модернизмот во ликовните уметности во Македонија.*

*Појдовните точки на симпозиумот се:*

*- Дали постоечките методолошки матрици кои се структурирани околу и засновани на категориите на: традицијата, историјата, етничкото, фолклорот, органскиот континуум се навистина единствените методолошки категроии на проектната моденистичка матрица и аргументи за интерпретација на уметничката продукција од доцните четириесетти години па наваму – како основа за дефинирање и интерпретација на овие појави во македонската уметност како модернистички?*

*- Симпозиумот истотака го запрашува рамнишето на интерпретативните методи пројавени во текот на овој период со крајна цел да имплементира нови исчитувања на 'модернизмот' и 'модерноста' на уметничката продукција и нејзината интерпретација во Македонија.*

*- Достигната временска и генерациска дистанца овозможува критичка позиција којашто може да понуди и други приоди и заради тоа симпозиумот сака да го истражи и рамништето на денешната критичка, теориска и историчарска мисла.*

*Методолошките пристапи кон темата на симпозиумот се однесуваат не на самата уметничката продукција, колку на уметничката критика и интерпретативна теорија. Тие можат да се движат во рамките на: интерпретацијата, ре-интерпретацијата, аналитиката, афирмацијата, негацијата, полемиката.*

*Водечката цел на овој симпозиум не е да ги отфрли досегашните интерпретативни матрици, туку да ги надополни, надгради и заокружи истражувањата на овој важен сегмент од македонската модерна уметност.*

Програма

Четврок, 20. Јануари

**д-р Иван Џепароски**
*"Митовите на модернизмот"*

**Златко Теодосиевски**
*"Точка/и за модернизмот во македонската ликовна уметност"*

**м-р Емил Алексиев**
*"Користење на традицијата"*

**м-р Кокан Грчев**
*"Интерактивност и поливалентност на македонската архитектура: традиција - фолклор - модерна"*

**Валентино Димитровски**
*"Апекти на модернизмот во Македонија"*

**Лазо Плавевски**
*"Робеспјер"*

Петок, 21 Јануари

**д-р Небојша Вилиќ**
*"Парадоксите на една проектна матрица"*

**Марика Бочварова**
*"Уметноста во просторот: уметноста на грубото, привлечното, декоративното"*

**Лилјана Неделковска**
*"Модернизмот во Македонија: меѓу догматизмот и заборавот"*

**Габриела Шукуровска**
*"Размислувања за критиката"*

**Маја Чанкулоска**
*"Неколку толкувања на уметноста на претставници од најмладата генерација ликовни уметници во Македонија"*

**Наташа Јариќ**
*"Лабораторија"*

Иван Џепароски

## МИТОВИТЕ НА МОДЕРНИЗМОТ

Во текстот се прави обид да се определат клучните естетички поставки на модернизмот и тоа преку категориите: прогрес, новум, автономија и целина. Сево ова се тематизира низ примерите на теоретичарите кои градат еден модернистички дискурс во сферите на литературата (Д. Лоџ), музиката (Т.В. Адорно), ликовната уемтност (К. Гринберг) и архитектурата (Ч. Џенкс). Ограничувањата на ваквиот концепт јасно се потенцираат преку појавата на 'новите парадигми' кои засилено се манифестираат уште од шеесеттите години на XX век, со што се создава состојба во која старите модернистички парадигми се здобиваат со митски и метафизички белези.

Златко Теодосиевски

## ТОЧКА/И ЗА МОДЕРНИЗМОТ ВО МАКЕДОНСКАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

*Наместо вовед*

Добивајќи ја поканата за учество на еден ваков собир (жалам што сепак не можам да го наречам "симпозиум"), првата мисла ми беше прилично сомничава иако, по природа, не сум претерано сомничав човек. Имено: зошто денес и овде би расправале (ако расправа воопшто се случи) за нешто што би требало да е затворена тема, завршена работа, дефинирана ситуација ...! Значи ли покренувањето на ваква расправа дека нештата во однос на модернизмот во Македонија не сме ги елаборирале (или, можеби - не доволно!), не сме сработиле конкретна домашна задача којашто сепак е суштинска во нашата професија ..., односно - непрофесионално сме се однесувале кон себе си и кон македонската ликовна уметност во дадениот период, т.е. во целина?

Иако првичниот впечаток и сомнеж во поканата за расправа по една ваква тема можеби ги гледав од нивната (условно) негативна страна, еден сосема "прозаичен" лично-стручен проблем од практична природа ме наведе да ги гледам малку поинаку. Исправен пред сосема практичен проблем од секојдневието - да се учествува во концепирањето на национална поставка на македонската ликовна уметност на (претежно) дваесетиот век во една Национална галерија - увидов дека не баш сите работи во професијата сме ги одработиле на најпрофесионален начин. Ова пак особено кога ќе се препрочитаат одделни написи, критики, есеи ... монографии ... за одделни уметници=појави во македонската ликовна уметност од тој период. И, повторно особено - читањето/толкувањето на истите автори од нашата професија, за истите уметници, денес! Оттука, за мене лично, односно професионално, завршните заклучоци (ако воопшто дојдеме до такви!) на еден ваков собир можат да бидат полезни.

Сепак, првичниот сомнеж во темелноста на концептот на еден ваков собир резултира во, да речеме, дилеми по однос на неколку работи.

Емил Алексиев

## КОРИСТЕЊЕ НА ТРАДИЦИЈАТА

Овој прилог има за цел да укаже на темелните противречности врз кои е граден моделот на модерната како на движечка сила која го овозможува нејзиното историско (просторно-временско) структурирање. Се брани тезата за генеричките (генерирачките) контрадикции изразени преку категориите традиција-современост, локално-глобално, национално-интернационално. Методот кој се користи е структуралистички. Направен е и обид делумно да се истразат патиштата (мапите) по кои модернизмот доаѓа во Македонија при што регистрираните периферни деформации на примарниот (центристички) модел на локално/национално ниво се толкуваат како програмирана продукција на вредност која ја одржува целата структура (истиот принцип важи за модерната и за постмодерната како историски хипостази на модернизмот). Од друга страна, користењето на традицијата се идентификува како фундаментален елемент од овој систем - дискурс кој овозможува одново да се отвори прашањето (кое го поставува самата модерна) за смислата на уметноста. Направен е и обид аргументирано да се укаже на одредени дубиози во постоечките интерпретативни матрици како и на терминолошката збрка чија последица е идентификацијата на традицијата со историскиот континуитет или континуалноста на уметничката продукција неспоива со стратегиите на модернизмот.

Кокан Грчев

## ИНТЕРАКТИВНОСТ И ПОЛИВАЛЕНТНОСТ НА МАКЕДОНСКАТА АРХИТЕКТУРА: ТРАДИЦИЈА - ФОЛКЛОР - МОДЕРНА

Интерактивноста и поливалентноста на македонската архитектура, низ поимите на традицијата, фолклорот и модерната, се остваруваат како генерирачки императиви кои градејќи сложени структурни врски, создаваат препознатлива и читлива текстура. Градејќи специфични односи на сите составни елементи во секој поим одделно, и имајќи ја предвид повеќезначноста на појавите и врските, се воспоставуваат релации со поширок простор во кој коинцидираат слични или идентични процеси. Методите за нивно исчитување во архитектурата се конституираат околу познати предлошки, но се менуваат во зависност од утврдени променливи функции. Со тоа се воочуваат различни просторно-временски рамки низ кои модернизмот во македонската архитектура се пројавува како носечка парадигма, која во различни општествени услови и колективитети, укажува на некохерентноста на методолошкиот инструментариум за утврдување на рефернетноста и нивото на уметничкиот учинок на архитектонските артефакти преку кои зборуваме за соодветните дискурси.

Валентино Димитровски

## АСПЕКТИ НА МОДЕРНИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

Модернизмот во македонската критика и историја на уметноста го пратат одредени аспекти што се од локално или регионално потекло, но и некои поопшти исходишни импликации во поглед на ставот на Модерната кон минатото (претходното) во најширока смисла и во поглед на феноменот или карактерот на уметноста во поширокиот општествен и културен амбиент. Тие се профилираат, главно, во критичкиот третман на извесни појмовни термини или состојби во функција на идеолошки парадигми за тоа каква е дадената уметност, а на моменти и каква би требало да биде. Во критичката практика овие, пред се', културни парадигми беа формулирани како дифузни општи места или како искази со појмовно-теоретски претензии во помал обем. На нашата сцена тие фигурираа, главно, од педесеттите до почетокот на осумдесеттите години, и тоа, не само во критичките искази, туку, во одредени фази и во уметничките практики како погодни или пригодни рецепти во даден уметнички , културен или општествен контекст.

Станува збор за следните проблемски содржини:

- традицијата како уметничко-културни обрасци од минатото или амбиентот на локалното фолклорно и природно поднебје како неисцрпен резервоар на инспирации и поттикнувања што наводно природно, логично и органски се неопходни и слеани во модерните настојувања на нашата уметност во одредени фази. Овде фигурираат метафорите на природното надоврзување и на органскиот след. Но, овде е присутна и извесна проективност за нужниот идентитет, континуитет и интегритет на еден претпоставен национален културен проект. Опсегот на оваа парадигма упатува на тоа дека таа не беше специфичност само на ликовно-уметничките сфери.

- комплексот на синтезата, интегралноста на уметничките практики како неопходност од едно нужно содејство на различните техники во профилирањето на даден уметнички исказ, но и нужноста од сообразување на уметничките содржини со културните и социо-општествените практики во едно претпоставено единство со футуристички претензии.

Соочувањето на овие две глобални парадигми со некои базични претпоставки на Модерната какви што се, пред се', дисконтинуитетот со традицијата, претходното и форсирањето на неидентичното, несинтетичкото, ги доведува нив во една парадоксална состојба дури и во времето на нивното егзистирање, во времето на формулирање на македонскиот модернизам. Нивните проективни претензии се во директна спротивставеност со темелните претпоставки на практиката што ја интерпретираат. Оттаму и заклучокот дека, во основа, станува збор за типично идеолошки содржини разбирливи во идеолошко-политичкиот и историскиот амбиент во којшто се јавуваат.

Лазо Плавевски

## РОБЕСПЈЕР

Тезата на овој текст е извлечена од преттпоставката дека модернизмот како светоглед, став, состојба или активност се формирал и е израз на големите општествени промени од крајот на осумнаесеттиот век. Новите состојби се темелат врз две компатибилни идеи за: (1) `прекин со одредени вредностни претпоставки' и (2) проект, новиот проект на граѓанското општество. Идеите во форма на тенденции во полето на уметноста ќе бидат во постојана релација со: (1) изнаоѓањето на постојано нови, иновативни, сознанија и пластични модели, како резултат на настанатиот прекин и (2) изменетиот однос кон предметот како израз на новата позиција на уметноста во општеството кое создава работен метод на постојана проблематизација на сознајните позиции.

Се чини дека над присутноста на модернизмот во Македонија постојано лебди едно прашање: дали тој кај нас е практикуван на ниво на совладување и сообразување со актуелните тенденции и

пластични модели или во кој степен и дали во неговите основи е присутна потребата за (1) прекин и (2) проблематизација на сферите на интересот. Можните неидентичности со овие идеи не ги остава нивните носители надвор од скалата на вредности, но веројатно е дека ги чини некомпатибилни со модернистичкиот вредносен модел. Затоа е потребно разгледување на моделите и особеностите на модернизмот во Македонија да се одредат неговите односи со споменатите тенденции. Во однос кон идејата од точката (1): Кај нас присутниот 'модернизам во услови на доцнежни национални интеграции' од различни причини создава потреба од вметнување на традицијата во хоризонтот на неговиот интерес. Во однос кон идејата одбележана со (2): Подлогата врз која настапува модернизмот кај нас подразбира однос кон предметот втемелен на занаетската традиција на производство која кон него негува однос на некоја подлабока вредност создавана или создадена од вештина.

И двете особености не се, или се само делумно, компатибилни со модернизмот. Тие се присутни на ниво на рецепција, но и на планот на самата Модерна од причини што претпоставката на овој текст е дека модерната уметност е реализација на модернизмот на нејзините автори.

Небојша Вилиќ

## ПАРАДОСКИТЕ НА ЕДНА ПРОЕКТНА МАТРИЦА

Истражувањето поаѓа од анализата на основните модернистички (на пати и контардикторни за самиот модернизам) термини, коишто не присуствуваат во македонската ликовна и уметничка критика во втората половина на 20. век.

Термините како: тоталитаризам, диктатура, изолација, односи со Запад, Револуција, официјална – неофицијална уметност, авангарда, underground и алтернатива, реформистички движења, во потрага по идентитетот, промени, еуфорија, дезилузионизам, нормализација. Тие се јавуваат како специфични за македонскиот културолошки контекст (и не само за неговиот) и досега не им се има придавано многу значење во интерпретативните методи. Во оваа смисла ако се дозволи во една проектна матрица да отсуствуваат ваквите пошироки социо-политички или општествени одредници, се јавува можност за недоволно опфаќање на проблемот на истражување.

Од друга страна, зборувајќи за самата ликовна критика (имајќи сепак предвид дека станува збор само за неколкумина историчари на уметноста) и нејзините методолошки пристапи во толкувањето на уметничките појави се исцртува како незаобиколен фактот од непостоење или неразработување на специфични теориско-толкувачки модели за уметничките појави специфични за модернизмот.

Оттука, истражувањето запрашува зошто тие отсуствуваат во македонската ликовна критика, и, особено, кои се последиците од таквата отсутност. Тоа настојува да постави (можеби) сосема други рамки на модернизмот во Македонија.

Лилјана Неделковска

## МОДЕРНИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА: МЕЃУ ДОГМАТИЗМОТ И ЗАБОРАВОТ

Целта на овој текст е да се нагласи и да се преиспита приодот во читањето на македонскиот модернизам, особено на оној дел од неговата историја што го опфаќа периодот од крајот на 50-те и почетокот на 60-те години, период за кој во македонската теоретска и критичка мисла постои неподелен став дека е тоа период кога македонскиот модернизам ја доживува својата највисока и најзначајна развојна етапа. Тоа е периодот на појавата и развојот на апстракната уметност во Македонија, поточно на онаа форма на апстракната уметност што во уметничката критика е позната како енформел, период кога индивидуализмот, и покрај недоволната или речиси непостоечката теоретска елаборација, сепак успеа да постави некои основни егзистенцијални прашања.

Бидејќи македонскиот енформел беше дел од еден поширок контекст, југословенскиот енформел, целта на овој текст е да укаже дека во рамките на тој поширок контекст не постоеше соодветна рецепција (или добра волја) за неговите вредности и дострели. Исто така, и во рамките на македонската уметничка критика не постоеше доволно изградена критичка свест за вредноста на 'ослободувачкиот' карактер на овој вид на сликарство, па наместо да се истакне неговата критичка позиција како исказ на 'осамениот уметник' кој што од своето платно сакаше да создаде сопствен свет (наспроти светот на природата, општеството и постоечката уметност), се истакна неговата обединувачка, смирувачка димензија, неговата 'синтетичка' функција како спој меѓу современоста и традицијата, што од своја страна ја поништи критичката позиција на македонскиот енформел. И двата овие приоди, недоволната рецепција (или добра волја) и поништувањето на критичката димензија на енформелот, се наметнаа и се усвоија како безпрекорни и единствени ставови чии последици се чувствуваат и денеска. Овој вид на догматизам овозможи македонскиот енформел да се третира како локален феномен, без некои подлабоки уметнички и теоретски импликации. Затоа, денеска, кога последиците од ваквиот приод резултираат во своевидно заобиколување, односно еден вид 'заборавање' дека во рамките на југословенскиот модернизам постоеше и македонски модернизам, со свои значајни претставници и значајни дела (пример е изложбата "50 години уметност во Централна Европа: 1949-1999, Виена) повторното исчитување на позицијата и вредностите на македонскиот модернизам се чини ургентно и неминовно.

Марика Бочварова

## УМЕТНОСТА ВО ПРОСТОРОТ: УМЕТНОСТА НА ГРУБОТО, ПРИВЛЕЧНОТО, ДЕКОРАТИВНОТО

Раѓањето на модерната скулптура во Македонија претставува една необична појава која имаше позитивни конотаци врз случувањата. Модернизмот на релативно малиот број на скулптори триумфираше над конвенционалните очекувања, иако постоеше една силна тенденција на 'објаснување' на уметниците првенствено преку националната традиција, сместување во контекстот на времето кое треба да ги одрази идеите на мирот и задоволството. Преку овие пластични размислувања беше создадена климата во која важеа правилата да се достигне одреден револуционерен степен кој всушност ги раздвои самите автори на оние кои се раководат по сопствената имагинација и уметници како директни реализатори (мајстори на занаетот). Притоа во најголем случај вторите се определија за монументални споменички обележја, претстави кои ја одразуваат 'уметноста на грубото' и кои не коинцидираат со малите ентериерни облици кои провоцираа сосема поинакви ефекти и претставуваа синоними на 'уметноста на привлечното'.

Габриела Шукуроска

## РАЗМИСЛУВАЊА ЗА КРИТИКАТА

- Индивидуално пристапување.
- Право на изразување.
- Позитивна интерпретација, кулминација на егоизмот во критиката, до 70-тите години.
- Што денес создава критиката?
- Како критиката & служи на уметноста?
- Како да се обезбеди сопствената егзистенција?
- Апсолвирање на трендот. Негово надминување. Ново интерпретација. Сублимација на претходното.
- Кураторство.

Маја Чанкуловска:

## НЕКОЛКУ ТОЛКУВАЊА НА УМЕТНОСТА НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД НАЈМЛАДАТА ГЕНЕРАЦИЈА ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

Како што може да се види од самиот наслов, во текстот се осврнувам на уметничката продукција на неколку млади македонски уметници, веќе присутни на македонската ликовна сцена. Иако временската дистанца на која вообичаено се инсистира при формулирањето на одредено критичко толкување, во овој случај не ја запазувам, настојувам да дадам една поинаква интерпретација на појавите, при што поаѓам од приближно истото генерациско рамниште со уметниците на чии дела реферирам. Во прилог на новои можеби поинакво нивно толкување ќе се обидам да дадам анализа на поединечните автори и нивните дела, преку интерпретација на различните идејни аспекти врз кои тие се засноваат, медиумите и материјалите кои ги користат. При тоа, моја крајна цел е да ги разгледам (повторно) различните рецентни уметнички појави и толкувања на уметничките потреби на најмладата генерација македонски уметници.

Наташа Јариќ

## ЛАБОРАТОРИЈА

- "Целосното" дефинирање на модерната значи и конечно раскрстување со неа?!!
- Како да се "откорнеме" од корените. Или дали?
- Досегашната критика на македонското творештво е дефинитивно афирмативна. Можеби тоа има своја временска оправданост. Но, што понатаму?
- Како се дефинираме досега и отсега?
- Како ќе се вклучиме во глобалната уметност. Каде е и каде било нашето место во историјата на уметноста.
- Пред новиот милениум.

печатењето на зборникот од симпозиумот обезбедено е со финансиската поддршка на

PRO HELVETIA

SKENPOINT

359°

Мрежа за локални и субалтерни херменевтики

## Зошто '359° – Мрежа за локални и субалтерни херменевтики'

*'Еднаш еден германски професор ми рече дека германските философи никогаш нема да бидат заинтересирани за мојата интерпретација на Хегел – единствената работа којашто тие би сакале да ја знаат е рецепцијата на Хегел во Македонија.*
*Јас ова го земав многу сериозно. Така, од тогаш се обидував ја откријам Хегеловата философија во мојот "Lebenswelt".*
*Но, не со намера да ги известам германските философи за доменот на Хегеловото влијание.*
*[Бранислав Саркањац]*

**'359° – Мрежа за локални и субалтерни херменевтики'** е Здружение на граѓани на група интелектуалци кои поаѓаат од нивното сопствено искуство во дефинирањето на нивната позиција како субјекти на/во една култура оптоварена со императивите на западно-европскиот дискурс. Појдовната премиса на оваа група е пренасочувањето на овој дискурс, односно да ги постави дефинирањата и интерпретациите на искуствата и знаењата акумулирани на овој простор во функционална прагматика, а за потребите на локалното, во рамките на групата разбрано во поишироки рамки, односно на Балканот. Со тоа, основната цел на Здружението е промоција на локалните интелектуални и творечки ресурси и нивното поставување на рамништа коишто ќе ги прагматизираат западните интерпративни методологии во функција на локалното. Поточно, да ги имплементира и да ги направи овие методологии фунцкионални за потребите не за западните мислители, туку за локалните, за оние кои непосредно ја проживуваат постколонијалната и субалтерна состојба со којашто опкружени. Оттука:

*Зошто* ***359°?***
***359°*** вклучува, содржи и опфаќа проекти коишто ги поттикнуваат локалните херменевтички позиции. Тоа е мрежа на дијалектички конфронтации на еден херменевтички круг и 'определен отсечок од светот'. ***359°*** го истражува преостанатиот ***1°*** нужен за да се затвори кругот со цел преку тие ***359°*** да се дојде до недостасувачкиот ***1°***.

*Зошто* ***локално?***
**'359° – Мрежа за локални и субалтерни херменевтики'** е заснована на политичка одлука да се отфрли и побие позицијата на Meпоп на македонските и балканските учени, уметници, теоретичари и историчари, на кои западниот теоретски естаблишмент им го отвора патот кон светот на идеите. **'359° – Мрежа за локални и субалтерни херменевтики'** настојува на критичка функција на интерпретацијата којашто помага во разбирањето на локалниот контекст и практика.

*Зошто* ***субалтерно?***
**'359° – Мрежата за локални и субалтерни херменевтики'** открива дека македонските пост-комунистички теоретичари, писатели, уметници и други се многу блиску до посколонијалната мисла. **'359° – Мрежата за локални и субалтерни херменевтики'** реферира кон погледите на Gayatri Spivak, но не го прашува западниот теориски естаблишмент да преземе мораториум на производството на глобалните одлуки.

*Зошто* ***херменевтика?***
**'359° – Мрежата за локални и субалтерни херменевтики'** произведува локални одлуки.

нашето веб место е на

http://members.xoom.com/web359/

ако ги споделувате нашите мислења - придружете се
359net@freemail.org.mk или тел. 091 37 05 96